HALKBANK

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА БРОКЕРСКИ И СТАРАТЕЛСКИ УСЛУГИ НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ

## I ДЕЛ

## ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Општите услови за брокерски и старателски услуги на странски пазари (во понатамошниот **Општи услови)** Банката и Клиентот, задснички и договорно, ги утврдуваат меѓусебните права и обврски во однос на обезбедување на брокерски и старателски услуги, кои се пропишани со одредби од Законот за хартии од вредност и останатата законска и подзаконската регулатива која ги регулира овие услуги.

Општите услови се составен дел од Договорот за брокерски услуги на странски пазари (во натамошниот текст: **Брокерски договор**) и Договорот за чување на хартии од вредност настрански пазари (во натамошниот текст: **Старателски договор**).

Во овие Општи услови следниве изрази го имаат следново значење:

- **Банката** е Халкбанка АД Скопје, ул.Водњанска бр.1/2, 1000 Скопје 1000, Скопје,која како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност склучува договор со Клиентот.
- **Брокерски налог** е Налог во согласност со одредбите од член 11 од Општите услови за брокерски и старателски услуги на странски пазари.
- **IPO (Initial Public Offering)** е првото емитување на акции, односно трансакција преку која една компанија од затворен облик преминува во јавно отворено акционерско друштво.
- **Клиентот** е корисник на една или повеќе услуги за кои има склучен договор со Банката.
- **Сметка за хартии од вредност** е посебна сметка (вклучувајќи ги и сите други дополнителни под-сметки) што е отворена во Банката на име на Клиентот, каде што се евидентираат хартиите од вредност кои Банката ги чува за Клиентот, врз основа на Старателскиот договор.
- **Временската рамка на старателски** услуги се роковите за давање на налози за старателски услуги и истите се јавно објавени.
- **Парична сметка** е која било клиентска парична сметка отворена во Банката.
- **Клиентска сметка - Б** е посебна парична сметка на која Банката ги чува средствата наеден или повеќе клиенти, дозначени во врска со брокерски услуги.
- **Клиентска сметка - С** е посебна парична сметка на која Банката ги чува средствата наеден или повеќе клиенти во врска со старателски услуги.
- **Работен ден** е секој ден освен сабота, недела и празници во Република СевернаМакедонија.
- **Налогот** е Брокерски налог и / или Старателски налог.
- **Суб-чувар** е финансиска институција во која Банката има отворена сметка за чување на хартии од вредност и / или старателска парична сметка.
- **Корпоративни активности** се поврзани со активностите на издавачите на хартии од вредност и вклучуваат: одржување на акционерско собрание, исплата на дивиденди во пари или акции, камата и главнина, делење / спојување на акции, преземање, припојувања и спојувања на акционерски друштва, регистрација и исплата на права, зголемување / намалување на акционерскиот капитал со издавање / повлекувањеакции и сите останати активности поврзани со остварувањето на правата од хартиите од вредност, промените во хартиите од вредност и / или статусни промени на издавачот.
- **Издавачот** е правното лице кое ги издало хартиите од вредност.
- **Старателски налог** е Налог во согласност со одредбите од член 24 од Општите услови за брокерски и старателски услуги на странски пазари (Прилог 2).
- **SWIFT** е систем за електронски трансфер на банкарски финансиски пораки.
- **ССИ** - стандардни инструкции за порамнување
- **Договорот** е договор за брокерски услуги на странски пазари и / или договор за чување на хартии од вредност на странски пазари( во понатамошен текст "Договорот").
- **Услугата** е брокерска, старателска или услуга од девизно работење.
- **Тарифник** е тарифникот за брокерски услуги и / или тарифникот на старателски услуги со кој Банката ги утврдува трошоците коиКлиентот е должен да ги плати на Банката во врска со користењето на брокерските/ старателските услуги.
- **Образец "Податоци за клиентот"** е форма која содржи лични податоци за Клиентот и претставува придружен дел на Договорот.
- **Деловните простории**, за потребата за давање на налози, се на Банката односно на Одделението

за работа со хартии од вредност во Скопје, ул.Водњанска бр.1/2, 1000 Скопје

- **Софтверски сервис за финансиски информации** е Блумберг или Ројтерс или било кој друг сервис за финансиски информации.

## Деловно однесување

**Член 2**

При склучување на Договорот, Банката ќе му овозможи на Клиентот да се запознае со услугите, како и со одредбите и ризиците кои произлегуваат од нив, наведени во документот "Општи информации за финансиски инструменти, инвестициските услуги и ризиците од инвестирање" кој Клиентот го добива на увид пред склучување на Договорот и истиот е објавен на веб страната на Банката.

## Ризици поврзани со инвестирање во хартии од вредност

**Член 3**

Со давање на налогот, Клиентот потврдува дека ги разбира и е свесен за ризиците што произлегуваат од вложувањата во хартии од вредност на кои се однесува Налогот.

## Давање Налог

**Член 4**

Клиентот може да даде Налог само лично.
Клиентот не може да дава Налог преку полномошник.

## Одговорност на Банката

**Член 5**

Банката нема да сноси одговорност доколку при обезбедување на услугите постапува правовремено и со должно внимание, се грижи и внимава на интересите на Клиентот и во согласно со Налогот кој е добиен согласно Општите услови и Договорот. Банката не е должна да ги прифати и изврши налозите што се направени спротивно на одредбите од Општите услови и Договорот.

Клиентот се согласува дека Банката нема да одговора за:

- прекршувања и / или пропусти на трети лица, како што се други посредници со кои се склучени трансакциите за вршување на Налозите или кои учествуваат во обезбедувањето на Услугите;
- било какви загуби и штети што ги претрпел Клиентот поради неисполнување на неговите обврски според Договорот и Општите услови;
- неисполнување или ненавремено исполнување на обврските преземени со Налогот во случај на виша сила. Виша сила (vis major) вклучува, меѓу другото, нереди, земјотрес, поплава, пожар, штрајкови, прекини на телекомуникациите, недостаток на електрична енергија, скриени грешки (bug-ови) во програмата, неовластен пристап до изворниот код, влијание врз функционалноста на апликациите, измени на прописите или одлуките на надлежните органи во врска со должностите на Банката и кој било друг настан кој може, врз основа на важечкиот закон, да се смета за виша сила;
- неисполнување на обврската за плаќање на било кои даноци од страна на Клиентот врз основа на сопственост на хартиите од вредност кои подлежат на оданочување;
- било какви последици, загуби или штети поврзани со (не) приемот, (не) прифаќањето или (не) извршувањето на Налогот, кој не е даден во согласност со Општите услови и Договорот.

Банката не е одговорна за загуба или штета која Клиентот може да ја претрпи поради несолвентност на трета страна. За било каква штета што Клиентот ќе ја претрпи поради вина или пропуст од трета страна, Банката е одговорна доколку Клиентот докаже дека при изборот на трета страна Банката постапила спротивно на одредбите од Упатството за начинот на работење со хартии од вредност за брокерки куќи и овластени банки надвор од Репубика Северна Македонија, односно, дека штетата не би настанала доколку Банката била усогласена со овие одредби.

Банката не одговара за било каква штета во вид на пропуштена добивка.

Банката ќе го извести Клиентот во разумен рок, откако тоа ќе стане можно, за појавата и престанокот на настан кој може да се смета за виша сила, како и за било каква загуба, штета, несоодветно извршување или неисполнување на обврските предизвикани од таков настан.

### Провизии и надоместоци за извршени услуги

**Член 6**

Банката ќе му пресметува и наплатува провизии и надоместоци на Клиентот за извршените услуги во

согласност со Тарифата на Банката, како и останати трошоци направени од Банката во врска со обезбедувањето на овој вид услуги.

Клиентот е должен да ги плати провизиите, надоместоците и трошоците до рокот на доспевање кој е утврден врз основа на фактурата, односно врз основа на пресметката на провизиите, надоместоците и трошоците.

Клиентот се согласува дека Банката, може во текот на времетраењето на овој Договор да донесе нов или да ја измени постојната Тарифа, при што Клиентот плаќа надомест за одредена Услуга според важечката Тарифа во време на извршувањето на истата Услуга.

Сите измени и дополнувања на Тарифникот влегуваат во сила на денот на нивното објавување, односно од денот кога ќе бидат истакнати во деловните простории (Банката односно Одделението за работа со хартии од вредност ул.Водњанска бр.1/2, 1000 Скопје и на веб-страницата на Банката.

## Трошоци и даноци

**Член 7**

Сите реални надоместоци (даноци, такси и други надоместоци и трошоци) направени во врска со обезбедувањето на Услугата се на товар на Клиентот од други банки, регулатори, странски брокери, суб чувари (странски и домашни). Клиентот се обврзува без одлагање да и го исплати на Банката, по нејзино барање, во целост износот уплатен на име реални надоместоци (даноци, такси или други давачки и надоместоци) поврзани со обезбедувањето на услугите, зголемени за износот на затезните камати и претрпената штета.

Клиентот е свесен за фактот дека приходите од камати, разлика во куповна / продажна цена, дивиденди и други приходи што ќе ги оствари врз основа на сопственииштвото на хартии од вредност, може да претставуваат приход од капитал кој може да биде предмет на оданочување.

На парични средства на старателските сметки на клиентите Банката не пресметува камата.

## Порамнување на обврски

**Член 8**

Клиентот е запознаен, свесен и се согласува дека неговите парични средства на старателските сметки, служат како гаранција за сите побарувања на Банката кои произлегуваат врз основа на Договорот.

Клиентот е запознен со фактот дека субдепозитарот, глобалниот старател или депозитар, кој индиректно учествува во обезбедувањето старателски услуги, може (ако е во согласност со националното законодавство или согласно локалниот пазар) да има и / или користи заложно право или право на порамнување во врска паричните средства на Клиентот, поради обезбедување, односно подмирување на побарувањето во врска со паричните средства на Клиентот; заради обезбедување или подмирување на побарувањето по основ на трошоци за управување, администрирање и чување или побарувања кои произлегуваат од извршувањето на старателските услуги, односно за старателските налози за кои Клиентот не обезбедил навремено покритие.

Доколку Клиентот доцни со плаќање на побарувањата на Банката по основ на Договорот и **за истото е соодветно известен од страна на Банката,** се согласува дека Банката може самостојно да го намири своето побарување за плаќање на надоместокот за старателски услуги и сите трошоци настанати во врска со обезбедување на услугите.

Клиентот со ова ја овластува Банката да го наплати од неговите старателските сметки и / или паричните платежни сметки износот на достасаниот долг, но само во случај на неплаќање и само до степен до кој салдото на овие сметки ја одразува состојба на парични средства кои му припаѓаат на Клиентот. Во случај кога долгот на Клиентот е деноминиран во друга валута различна од онаа на паричните средства на Клиентска сметка, Банката е овластена да наплати износ во противвредност на износот што го должи во валутата на која гласат старателските сметки или паричните сметки. Банката ќе ја определи противвредноста на износот што го должи Клиентот во валутата на која гласи, по пазарен курс.

Банката може да ја пребие секоја достасана обврска на Клиентот, на база или во врска со Налогот, со било каква обврска (без разлика дали е или не е доспеана) на Банката спрема Клиентот, без оглед на местото на плаќање или валутата на овие обврски. Доколку овие обврски се изразени во различни валути, Банката може, за целите на наплата да ја конвертира секоја обврска по пазарен курс.

Доколку, во моментот на приемот на средствата од продажба на хартии од вредност и од правата кои произлегуваат од хартии од вредност на старателските сметки, Клиентот има достасани обврски кон Банката, врз основа на Услугите кои таа ги обезбедува, Банката ќе задржи дел од средствата потребни за покривање на долгот зголемен за казнена камата, додека остатокот ќе се исплати на сметката за исплаќање наведена во

образецот "Податоци за клиентот".

## Кумулација на услуги

**Член 9**

Доколку Клиентот користи брокерски услуги и старателски услуги во врска со истата трансакција на купопродажба на хартии од вредност:

- се претпоставува дека со доставување на Брокерскиот налог од страна на Клиентот, дава и соодветен Старателски налог (Прилог 2), освен ако во Старателскиот договор не е дефиниран друг начин;
- Клиентот не може да го отповика таквиот Старателски налог без претходно повлекување на Брокерскиот налог;
- Клиентот не може да дава нови налози за порамнување во врска со хартии од вредност на Сметката за хартии од вредност или налози за исплати на парични средства од Клиентската сметка, кои се потребни за порамнување на трансакциите, освен и се додека не го повлече Брокерскиот налог;
- со повлекување на Брокерскиот налог, се повлекува и Старателскиот налог;
- за потребите на прием, прифаќање и извршување на Брокерски налог, Банката има право на увид, во секое време, на состојбата и трансакциите на Сметката за хартии од вредност како и старателските и паричните сметки на Клиентот.

## II ДЕЛ БРОКЕРСКИ УСЛУГИ НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ

**Член 10**

Брокерските услуги на странски пазари ги вклучуваат следните услуги:

- Прием и пренос на брокерски налози;
- Извршување брокерски налози.

Банката има индиректен пристап за тргување на странски пазари за хартии од вредност. На странските пазари **( Прилог )**, брокерските налози се проследуваат за извршување до други брокери. Банката ги избира брокерите кои нудат висок квалитет на услуги и обезбедуваат најдобро извршување на налозите во согласност со воспоставени процедури и правила на извршување на налозите на клиентите. При изборот на брокерите, Банката ги зема во предвид и опсегот на услуги кои ги нудат, трошоците за извршување на тие услуги како и можностите за порамнување на транскациите.

Листа на сите трети лица со кои Банката има склучено договор за тргување на странски пазари:

1. InterCapital d.d., Хрватска
2. HalkYatirim, Турција

Во Прилог 1 е претставен преглед на пазарите (местата на извршување на налозите) кон кои Банката ги проследува налозите по поединечен пазар.

## Брокерски Налог

**Член 11**

Брокерски налог е изјава за подготвеноста на Клиентот испратена до Банката, да за негова сметка запише, купува или продава хартии од вредност кои ги содржат следните суштински елементи:

- Име и презиме, ЕМБГ, број на лична карта или број на пасош (за физичко лице), односно назив, седиште, држава, матичен број на правното лице (за правно лице) на Клиентот;
- Шифрата на Клиентот во овластеното правно лице (број на Договор склучен со Клиентот);
- Тип на налог (купува или продава);
- Вид на хартија од вредност која се тргува;
- Државата каде што е издадена хартијата;
- ИСИН на хартијата од вредност;
- Код на странскиот пазар преку кој ќе се изврши налогот;
- ИСО код (ISO 10383- Codes for exchanges and market identification (MIC)
- Количина за тргување;
- Цена за реализација на тргувањето;
- Потпис на клиентот;

## Давање на Брокерски налози

**Член 12**

Давањето на Брокерскиот налог, Клиентот може да го направи во писмена и електронска форма - преку интернет-апликацијата Е-традер, или по телефон. Брокерскиот налог во писмена форма може да се достави во деловните простории на Одделението за работа со хартии од вредност во Банката. Брокерскиот налог во електронска форма може да се достави до Банката по преку Е-традер платформата и истиот може да го даде само во согласност со потпишан Договор за користење на услугите на eTrader апликацијата на странски пазари за физички лица / правни лица и Општите услови за прием на налози по електронски пат. Брокерскиот налог по телефон можат да се достават клиенти кои имаат склучено Договор за Брокерски услуги на странски пазари и истите се задаваат исклучиво на официјалните телефонски броеви на Одделението за работа со хартии од вредност, при што разговорите кои се однесуваат на налогот се снимаат и клиентот е известен за телефонската снимка ( при самиот почеток на разговорот).

## Видови на Брокерски налози

**Член 13**

Банката ќе врши прием на следните видови на **дневни** Брокерски налози на странски пазари со дневна важност:

- лимитиран налог
- пазарен налог.

### Пазари на кои се врши прием на налози

Пазари на кои се врши прием на налози се Странските пазари на кои Банката нуди можност за тргување, кои се наведени во Прилог 1 од овие Општи услови.

## Прием на Брокерски налози

**Член 14**

Банката ќе го потврди приемот на Налогот најдоцна до следниот работен ден од приемот. Примањето на Брокерскиот налог не претставува и негово прифаќање.

Обврската за известување за прием на Брокерскиот налог ќе биде извршена со известување до Клиентот за прифаќање или одбивање на Брокерскиот налог.

Изјава на волја која не ги содржи основните елементи наведени во член 11 од Општите условине е Брокерски налог и затоа не може да биде примена како таква од страна на Банката.

## Прифаќање на Брокерски налози

**Член 15**

Банката не е обврзана да го прифати Брокерскиот налог и за истото, заедно со причините за неговото неприфаќање, веднаш ќе го извести Клиентот.

Банката не е обврзана да го прифати Брокерскиот налог, се додека Клиентот не обезбеди хартии од вредност кои се предмет на Брокерскиот налог при продажба; или додека целосно него уплати на старателската сметка потребниот износ на пари за плаќање на хартиите од вредност кои се купуваат или издаваат, како и сите трошоци и надоместоци поврзани со извршувањето на Брокерскиот налог.

Освен доколку Банката навремено не го известила Клиентот за спротивното, се смета дека Банката го прифаќа уредно добиениот Брокерски налог.

Банката може да го одбие Брокерскиот налог кога со должно внимание, во согласност со правилата и важечката регулатива, верува и процени дека неговото прифаќање може да го загрози правилното функционирање на пазарот или довербата во неговиот интегритет.

Во случај на користење на Е-традер апликација, при давањето на налози, известувањето за одбивање на Брокерскиот налог Клиентот ќе го прими преку интерактивен интерфејс како што е предвидено во Општите услови за прием на налози по електронски пат.

Брокерски налог може да биде отфрлен од страна на берзата која управува со регулираниот пазар каде што треба да се изврши, од причини, во рокови и на начин пропишан со берзанските правила. Банката е должна да го извести Клиентот за одбиениот Брокерски налог на берзата, во разумен рок, по добивањето на

соодветната информација и известување од берзата за причината на одбивање.

**Повлекување на Брокерски налози**

**Член 16**

Клиентот може да го повлече Брокерскиот налог се до неговото извршување. Во случај кога Брокерскиот налог е делумно извршен, Банката ќе смета дека Клиентот го повлекува преостанатиот неизвршен дел од Брокерскиот налог.

Брокерскиот налог се повлекува веднаш штом Банката на соодветен начин ќе го прими известувањето на Клиентот за негово повлекување.

Повлекувањето на Брокерскиот налог нема да влијае на трошоците и надоместоците во врска со неговото примање, прифаќање или извршување, ниту на преземените обврски до моментот на приемот на известувањето за повлекување од страна на Банката.

Повлекувањето на Брокерскиот налог може да се направи на еден од начините договорени за давање на Брокерски налози.

Кога Брокерскиот налог се однесува на запишување на хартии од вредност (IPO), се смета дека Клиентот го повлекол налогот во случај издавачот да се откаже и да го прекине издавањето на хартиите од вредност на кои се однесува. Во тој случај паричните средства што Клиентот ги има уплатено во врска со емисијата, Банката, во зависност од барањето на Клиентот, ги префла од Клиентските сметки на Парична сметка на Клиентот, или ги задржува на Клиентските сметки.

**Обврски на Банката**

**Член 17**

Врз основа на прифатениот Брокерски налог, Банката се обврзува:

- да запишува на IPO, купува или продава хартии од вредност според Брокерскиот налог по цена одредена од Клиентот,
- да ги извршува налозите навремено, ажурно и правилно, при што сличните Брокерски налози ќе ги извршува според редоследот на нивното прифаќање, односно во согласност со приоритетот во книгата на налози.
- да води евиденција за реализираните Брокерски налози;
- правилно и без одлагање да ги распредели реализираните Брокерски налози;
- да го извести Клиентот за извршувањето и условите под кои е склучена секоја трансакција направена според Брокерскиот налог, со доставување на извештај за реализирана трансакција;
- средствата од продажбата на хартии од вредност, да бидат задржани на Клиентските сметки или исплатени на сметката на Клиентот наведена во образецот "Податоци за клиентот", доколку не постојат достасани обврски на Клиентот кон Банката по која било основа.

**Обврски на Клиентот**

**Член 18**

Врз основа на дадениот Брокерски налог, Клиентот се согласува:

- да изврши навремена уплата на износот потребен за плаќање на хартии од вредност кои треба да се издадат, односно куповната цена, како и сите трошоци, надоместоци и провизии поврзани со извршувањето на Брокерскиот налог;
- да ја плати договорената Брокерска провизија и останатите надоместоци;
- да достави инструкции на неговиот чувар за испорака на хартии од вредност од Брокерскиот налог при нивна продажба;
- да обезбеди навремени информации и документи потребни за извршување наБрокерскиот налог и исполнување на други обврски кон Банката врз основа на Налогот;
- пред склучувањето внимателно да го прочита Брокерскиот договор и на Банката да и ја достави целокупната потребна документација за склучување на истиот;
- во случај на користење на Е-традер апликацијата, да постапува според Општите условиза прием на налози по електронски пат;
- во случај на нефункционалности или потешкотии во работењето на Е-традер апликацијата или Софтверскиот сервис за финансиски информации, Брокерскиот налог да го достави и даде на друг начин.

Банката не е овластена да ги извршува Брокерските налози се додека Клиентот не достави потпишана копија од Брокерскиот договор со целата релевантна документација.

**Одговорност на Клиентот**

**Член 19**

Клиентот одговара за исполнување на преземените обврски од трансакциите кои се склучени со реализизацијата на дадените Брокерски налози.

**Член 20**

Освен ако не е поинаку одредено со Општите услови или Брокерскиот договор, кореспонденција од Банката до Клиентот, се одвива писмено, преку начините на комуникација утврдени во образецот "Податоци за клиентот".

Освен ако не е поинаку одредено со Општите услови или Брокерскиот договор, кореспонденцијата од Клиентот до Банката се одвива писмено, на контакт податоците на Одделението за работа со хартии од вредност во Банката:

**Одделение за работи со хартии од вредност**
ул. Ул.Водњанска бр.1/2, 1000 Скопје
Тел: +389 (02) 3 285 628; +389 (02) 3 285 728 +389 (02) 3 285 450
e-mail : BrokerHB@halkbank.mk

Комуникацијата и кореспонденцијата помеѓу Клиентот и Банката се одвива на македонски јазик.

**ДЕЛ III СТАРАТЕЛСКИ УСЛУГИ**

**Член 21**

Старателските услуги ги опфаќа следните работи:

- чување на хартии од вредност;
- порамнување, плаќање и извршување на трансакциите со хартии од вредност споредСтарателски налози;
- наплата на приходи и известување за исплата на дивиденда, камата или доспевање на други побарувања од хартии од вредност;
- известување за акционерски собранија на издавачите, стекнати права од хартиите одвредност и останати корпоративни активности;
- извршување на Старателски налози поврзани со корпоративни активности;
- обезбедување на услуги за застапување и гласање на акционерските собранија на издавачите на хартии од вредност;
- останати услуги по барање и во договор со Клиентот, во согласност со соодветната Македонска законска регулатива;

**Старателски договор**

**Член 22**

Банката не е овластена да ги извршува Старателските налозите се додека Клиентот не достави потпишан примерок од Старателскиот договор со целата релевантна документација.

Паричните средства на Клиентот дадени за купување на хартии од вредност, Банката ги чува на посебни сметки отворени за таа намена.
На паричните средства на Клиентот, кои се чуваат на сметки отворени за брокерски или старателски услуги, Банката не плаќа камата.

Хартиите од вредност купени за сметка и по налог на Клиентот на странски пазари, се впишуваат на старателска сметка на Клиентот или збирна сметка на Банката кај трети лица, со кои Банката има склучено старателски договор.

Листа на сите трети лица со кои Банката има старателски договор:

1. InterCapital vrijednosni papiri d.d., Загреб, Хрватска кој ги чува средствата и хартии од вредност во својата банка суб-чувар Erste&Steiermarkische Bank d.d., Ријека, Хрватска.
2. Halk Yatırım Menkul Değerler A.Ş, Турција кој ги чува средствата и хартиите од вредност во својата Банка HalkBank Turkiye и надлежните институции кои функционираат на пазарот на хартии од вредност во Р.Турција.

**Сметка за хартии од вредност**

**Член 23**

Врз основа на Старателскиот договор, Банката кај нејзе, за секој Клиент, ќе отвори посебна Сметка за хартии од вредност на која ќе ги евидентира состојбата, промените и прометот со хартиите од вредност на Клиентот.

Хартиите од вредност на Сметката за хартии од вредност му припаѓаат на Клиентот, не се во сопственост на Банката, не се вклучени во вкупната актива на Банката, ниту во ликвидационата, односно стечајната маса на Банката, ниту може да бидат предмет на извршување во однос на побарувања од Банката.

Клиентот се согласува, Банката да ги води и чува странските хартии од вредност на Клиентот на Сметката за хартии од вредност, индивидуална или збирна, кај трети лица, со кои Банката има склучено старателски договор, или кај Банка суб – чувар каде ќе води посебна евиденција за состојбата на хартиите од вредност за секој поединечен клиент. Банката има дискреционо право да ги промени лицата има склучено старателски договор, односно Банката суб-чувар.

Покрај хартиите од вредност на Клиентот, на збирна сметка кај Банката суб-чувар, може да се врши чување на хартии од вредност и на други клиенти на Банката, од кои некои може да имаат ист издавач и да бидат од ист тип и род како хартиите од вредност на Клиентот кои се чуваат на збирната сметка *("Еквивалентни хартии од вредност")* при што Банката обезбедува поединечна евиденција по клиент и чување на хартии од вредност за сметка на клиентите. На збирната сметка кај Банката суб-чувар, хартиите од вредност на Клиентот може да се помешаат со еквивалентните хартии од вредност на други клиенти на Банката. Доколку дојде до мешање, а Банката добие Старателски налог за испорака на хартии од вредност, истиот ќе го изврши било со хартии од вредност на Клиентот или еквивалентните хартии од вредност на други клиенти, или во комбинација од двете.
Во случај кога на збирната сметка ќе се утврди недостаток на еквивалентни хартии од вредност (вклучувајќи ги и хартиите од вредност на Клиентот), односно доколку Банката суб-чувар, во добра волја и со примена на должно внимание, во согласност со професионалните стандарди и добра деловна пракса, не е во можност да ја утврди трансакцијата што довела до недостаток и кој е клиентот на кого му недостасуваат хартии од вредност, Клиентот се согласува да сноси пропорционален дел во недостатокот, кој одговара на учеството и соодносот на хартии од вредност на Клиентот на збирната сметка во вкупниот број на еквивалентни хартии од вредност на истата.

## Старателски налог

**Член 24**

Старателски налог е писмена изјава од Клиентот до Банката, за вршење на Старателски услуги за сметка на Клиентот (Прилог 2)..

Банката може да располага со хартии од вредност, на Сметката за хартии од вредност, само според Старателски налог.

Клиентот ја гарантира точноста и комплетноста на информациите во Старателскиот налог. Клиентот е одговорен за сите последици кои произлегуваат од доставувањето на неточни или нецелосни информации.

Како валиден Старателскиот налог се смета налог кој е:

- Доставен во писмена форма до Банката согласно утврдените начини на комуникација;
- Потпишан и доставен од Клиентот лично, испратени од е- маил адресата наведена вообразецот "Податоци за клиентот" или испратен преку SWIFT;
- Ги содржи сите основни елементи на Старателски налог од член 25;
- Доставен е во рокови дефинирани во Временската рамка на старателски услуги.

## Основни елементи на Старателскиот налог

**Член 25**

Старателскиот налог ги содржи следните суштински елементи:

- име и презиме или назив на Клиентот;
- вид на налог (прием, испорака, со или без плаќање);
- датум на тргување;
- датум на очекуваното порамнување;
- ISIN на хартијата од вредност (меѓународен финансиски идентификационен број);
- количина од хартиите од вредност;
- износ на плаќање за порамнување;
- ССИ / Назив и број на сметка на другата договорна страна;
- број на Сметка за хартии од вредност и Клиентска сметка С или Парична сметка.

## Форма на Старателскиот налог

**Член 26**

Клиентот може да и даде на Банката Старателски налог (Прилог 2) исклучиво во писмена форма.

Во случај на кумулација на услуги, како Старателски налог може да послужи било кој документ како пресметка / потврда, заклучница или извештајот за склучена трансакција од брокер или слично. Со цел да служи како Старателски налог, документот не мора да биде потпишан од страна на Клиентот

**Видови Старателски налози**

**Член 27**

Старателските налози можат да бидат:

- потврда за прием со плаќање (прием на хартии од вредност на Сметката за хартии одвредност со плаќање);
- потврда за испорака со плаќање (испорака на хартии од вредност од Сметката за хартии од вредност со плаќање);
- потврда за прием без плаќање (прием на хартии од вредност на Сметката за хартии од вредност без плаќање);
- потврда за испорака без плаќање (испорака на хартии од вредност од Сметката за хартии од вредност без плаќање).

## Обврски на Клиентот

**Член 28**

Пред давањето на Старателскиот налог, Клиентот е должен да се запознае со важечките Општи услови кои се достапни на веб страницата на Банката и во деловните простории на Банката. Со давањето на Старателски налог ќе се смета дека Клиентот се согласува со нивната содржина.

Кога се поднесува Старателскиот налог за прием со плаќање, Клиентот е должен да изврши навремена уплата на средства на наменската старателска сметка, потребни за извршување на Старателскиот налог, во согласност со Временската рамка на старателски услуги.

Кога се поднесува Старателскиот налог за испорака, Клиентот е должен навремено да обезбеди доволна количина од хартии од вредност на Сметката за хартии од вредност, за извршување на Старателскиот налог, во согласност со Временската рамка на старателскиуслуги.

Клиентот е запознаен за обврските кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а кои се однесуваат на регистрирањето и известувањето за трансакции.

## Измени, дополнувања и повлекување на Старателскиот налог

**Член 29**

Клиентот може да го промени, дополни или повлече Старателскиот налог само доколку налогот претходно не е извршен од Банката, неговото извршување може да се спречи и доколку таквата промена, дополнување или повлекување не предизвика било каква штета или трошок за Банката.

## Извршување на Старателскиот налог

**Член 30**

Банката може да го прифати извршувањето само на валиден Старателски налог. Банката има право да одбие да го изврши Старателскиот налог доколку:

- Старателскиот налог е нејасен, противречен, неодреден;
- извршувањето на налогот може да предизвика прекршок или кривично дело;
- Старателскиот налог не е даден во согласност со одредбите од овие Општи услови иВременската рамка на старателски услуги;
- Клиентот не извршил уплата или не обезбедил покритие на паричната сметка содоволен износ на средства за извршување на Старателскиот налог;
- Клиентот нема или не обезбедил доволна количина на хартии од вредност на Сметкатана хартии од вредност за извршување на Старателскиот налог;
- Клиентот има доспеан долг во Банката врз основа на старателските услуги кои ги користи.

При одбивање на Старателскиот налог, Банката ќе го извести Клиентот истиот или следниот работен ден, со наведување на причините поради кои е одбиен налогот. Банката не одговара за било каква штета што произлегува од одбивањето на налогот.

Доколку Банката побара дополнување и/или разјаснување на нешто нејасно, противречно или неодредено во Старателскиот налог, за време на прием на налогот ќе се смета времето на приемот на писменото објаснување на клиентот и / или дополнувања на налогот од Клиентот.

Доколку Клиентот навремено не обезбеди доволно средства за извршување на Старателскиот налог, Банката има право да одбие да го изврши и нема да биде одговорна за било каква штета што би ја претрпел Клиентот поради тоа. Банката има право да му наплати на Клиентот за било каква штета која Банката евентуално би ја претрпела.

Ако Клиентот не обезбеди доволна количина на хартии од вредност на Сметката за хартии од вредност, Банката има право да одбие да го изврши налогот и нема да биде одговорна за било каква штета што би ја претрпел Клиентот поради тоа. Банката има право да му наплати на Клиентот за било каква штета која Банката евентуално би ја претрпела.

Доколку Банката го прифати и / или изврши Старателскиот налог и покрај тоа што Клиентот не обезбедил покритие (уплатил / обезбедил пари или количина на хартии од вредност), Клиентоте должен да обезбеди покритие до моментот кој и овозможува на Банката навремено исполнување на нејзините преземените бврски кон трети лица. Банката има право на надомест на штетата и на трошоците кои произлегуваат од неисполнување на обврските на Клиентот согласно овој став.

## Наплата на приходи од хартии од вредност

**Член 31**

Банката е овластена без Старателски налог да ги наплаќа доспеаните приходи (дивиденди, купони, главници, права итн.) и средства кои произлегуваат од хартиите од вредност и да располага со нив согласно Старателски налог.

Банката ќе го извести Клиентот за наплатените приходи и средства.

Доколку суб-чуварот, задолжен за наплаќање на приходите, пресметал надоместок за наплата на приходите, Банката ќе го исплати наплатениот нето износ на Паричната / Клиентската сметка.

## Корпоративни настани и активности

**Член 32**

Банката ќе го извести Клиентот за корпоративните активности на издавачите на хартии од вредност доколку таквите информации се добиени од суб-чуварот.

Ако Клиентот сака да дејствува по корпоративната активност, должен е навремено да доставидо Банката писмен Старателски налог, со јасни и прецизни инструкции. Доколку Банката од Клиентот не прими таков налог, Банката нама да дејствува по корпоративната активност.

## Учество на акционерски собранија во странство

**Член 33**

Учеството и застапувањето на Клиентот на акционерски собранија на странските издавачи на хартии од вредност е можно само ако субч-уварот е во состојба да обезбеди таква услуга и акотаквото учество и застапеност е во согласност со законодавството на земјата на Банката суб- чувар и странскиот издавач.

## Вреднување на хартии од вредност

**Член 34**

За пресметка на пазарната вредност на хартиите од вредност на стрателската сметка на хартии од вредност, Банката ги користи следните цени:

- последната цена официјално цитирана на сервисот за финансиски информации(Блумберг, Ројтерс) за странските акции;
- последната цена или последната понудена куповна цена, официјално цитиранана сервисот за финансиски информации (Блумберг, Ројтерс) за странските обврзници.

Ако на одреден ден немало тргување, за вреднувањето се зема последната расположива цена.Ако хартијата од вредност не котира на берза, за вреднување се користи номиналната вредност.
Вредноста на финансиските инструменти, деноминирани во странска валута, се пресметува со примена на средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија. Доколку за странската валута не постои среден курс на НБРМ, за истата се пресметува вкрстен девизен курс со евро валута.

## Извештаи и известувања на Банката

**Член 35**

Банката му испраќа известувања на Клиентот на македонски.

Банката ќе ги доставува следните материјали до Клиентот, со следната динамика:

- Извештај за состојба на Сметката за хартии од вредност – месечно и на барање наКлиентот;
- Известување за склучување и порамнување на секоја трансакција – по настан;
- Известување за приемот на приходите - по настан;
- Известување за корпоративна активност - по настан.

Банката ќе му издаде на Клиентот фактура и пресметка за старателските услуги и надоместоци.

Клиентот се обврзува да ја провери точноста на сите известувања и податоци добиени од Банката. Во случај на приговори и забелешки на доставените материјали, Клиентот е должен во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот на известување, до Банката да достави писмен приговор.

Доколку Банката не добие приговор од Клиентот во тој период, ќе се смета дека Клиентот се согласува со содржината на поднесените и доставени материјали.

## Кореспонденција со Клиентот

**Член 36**

Освен ако не е поинаку одредено со Општите услови или Старателскиот договор, кореспонденција од Банката до Клиентот, се одвива писмено, преку начините на комуникација утврдени во образецот "Податоци за клиентот".

Освен ако не е поинаку одредено со Општите услови или Старателскиот договор, кореспонденцијата од Клиентот до Банката се одвива писмено, на контакт податоците на Одделението за работа со хартии од вредност во Банката:

**Одделение за работи со хартии од вредност**
ул. Водњанска бр.1/2,1000 Скопје
Тел: +389 (02) 3 285 628; +389 (02) 3 285 728 +389 (02) 3 285 450
e-mail : BrokerHB@halkbank.mk
e-mail : CustodyHB@halkbank.mk

Комуникацијата помеѓу Клиентот и Банката се одвива на македонски јазик.

## ДЕЛ IV

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Деловна тајна / банкарска тајна и пренос на права

**Член 37**

Банката е должна, согласно важечката регулатива, како и согласно деловна / банкарска тајна да ги чува сите податоци, информации, факти и околности кои што ги добила врз основа на обезбедувањето на услугите од овие Општи услови.

Банката, податоците кои претставуваат банкарска / деловна тајна е овластена да ги открие единствено само во оние случаи и на оние лица и субјекти како што е предвидено со важечкитепрописи.

Доставување на податоците за Клиентот, имател на хартии од вредност, на барање на кредитната институција – издавач на тој финансиски инструмент не се смета за прекршување на деловна / банкарска тајна.

Клиентот ја овластува Банката да ги достави до издавачот, на негово барање, сите потребни информации, за Клиентот и за состојбата на хартиите од вредност за целите на пресметка, задржување и уплаќање на било кои даноци кои произлегуваат од сопственииштвото на хартиите од вредност.

Банката може да ги пренесе своите права и обврски кои произлегуваат од Договорот без претходна согласност на Клиентот.

## Важност на Општите услови

**Член 38**

За односот кој настанува со прифаќање на овие Општи услови, надлежна е законската регулатива во Република Северна Македонија.

Банката има право еднострано да ги измени Општите услови. Сите измени и дополнувања на овие Општи услови влегуваат во сила на денот на нивното објавување, односно од денот кога ќе бидат истакнати во деловните простории и на веб страницата на Банката.
Важечките Општи услови се достапни на веб страницата на Банката и во деловните простории на Банката во Скопје.
Овие Општи услови влегуваат во сила на денот на нивното објавување.

## ПРИЛОГ 1. Инструменти и странски пазари за извршување на налозите

| Инструменти | Земја | Место на извршување |
|---|---|---|
| Акции и ETF | САД | New York Stock Exchange |
| | | NASDAQ/ NYSE ARCA |
| | Австралија | Australian Securities Exchange |
| | Австрија | Vienna Stock Exchange |
| | Белгија | Euronext – Brussels |
| | Велика Британија | London Stock Exchange |
| | Данска | NASDAQ OMX – Copenhagen |
| | Хрватска | Zagreb Stock Exchange |
| | Чешка | Prague Stock Exchange |
| | Ирска | Irish Stock Exchange |
| | Јужна Кореа | Korean Exchange |
| | Јапонија | Tokyo Stock Exchange |
| | Канада | Toronto Stock Exchange/Vancouver Stock Exchange |
| | Германија | XETRA |
| | Грција | Athens Stock Exchange |
| | Финска | NASDAQ OMX – Helsinki |
| | Франција | NYSE Euronext – Paris |
| | Унгарија | Budapest Stock Exchange |
| | Италија | Borsa Italiana |
| | Холандија | Euronext Amsterdam |
| | Хонг Конг | Hong Kong Stock Exchange |
| | Норвешка | Oslo Bors |
| | Полска | Warsaw Stock Exchange |
| | Португалија | NYSE Euronext – Lisbon |
| | Романија | Bucharest Stock Exchange |
| | Словачка | Bratislava Stock Exchange |
| | Словенија | Ljubljana Stock Exchange |
| | Турција | Borsa Istanbul |
| | Шпанија | Bolsa de Madrid |
| | Шведска | Nasdaq Stockholm |
| | Швајцарија | SIX Swiss Exchange |
| Обврзници | MTF's | MTF Bloomberg |
| | | OTC |

HALKBANK

**ПРИЛОГ 2**

## СТАРАТЕЛСКИ НАЛОГ

| | |
|---|---|
| Име и презиме /назив на Клиентот; | |
| Вид на налог (прием, испорака, со или без плаќање) | |
| Налог за порамнување на куповна трансакција (RVP – Receive Versus Payment) | |
| Налог за порамнување на продажна трансакција (DVP – Deliver Versus Payment) | |
| Налог за прием на хартии од вредност без плаќање (RF – Receive Free) | |
| Налог за достава на хартии од вредност без плаќање (DF – Deliver Free) | |
| Налог за пренос на хартии од вредност на заложна сметка; | |
| Налог за наплата на побарувања од издавачот на хартии од вредност по основ на сопственост над хартии од вредност | |
| Налог за позајмување/давање во наем на хартии од вредност; | |
| Налог за корпоративни активности | |
| Налог за депонирање/ повлекување | |
| Датум на тргување | |
| Датум на порамнување | |
| ISIN на хартијата од вредност | |
| Количина од хартиите од вредност | |
| Износ на плаќање за порамнување | |
| ССИ / Назив и број на сметка на другата договорна страна | |
| Старателска сметка за хартии од вредност | |
| Старателска платежна сметка | |
| Платежна сметка во Халк Банка АД Скопје | |
| Платежна сметка во друга деловна банка | |

**Дата:**

**Клиент:**

**Потпис:**